
ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ НАДЕЖ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА 2023



“ Да го промениме светот. Да подариме надеж!“

Почитувани поддржувачи на Ц.С.И. Надеж,

2023 година ни беше година со многу предизвици, почнувајќи од промената на Претседател на здружението, па се до постојано следење на отворени повици за аплицирање на проекти и вклучување на волонтери, македонски и странски, како и практиканти кои беа, односно се вклучени во работата на организацијата во целост, следејќи ја взаемната потреба на делување.

Водени од нашата мисија за активно залагање за подобрување на квалитетот на живот на маргинализираните заедници преку овозможување еднаков пристап до квалитетно образование, социјална интеграција и која промовира и реализира активности за стекнување на вештини на младите оваа година и ние како тим се предизвикавме што повеќе да бидеме активни регионално, национално и интернационално.

Оваа година Ц.С.И. Надеж склучи 15 меморандуми за соработка со училишта, институции, невладини организации, кои се клучен дел за поопфатно вклучување на засегнатите целни групи.

Оваа година членови на тимот беа дел од голем број на случувања и настани, каде се промовираше нашата работа и ни донесе успешни соработки за партнерски делувања на одредени теми.

Претседателот, Управниот и Надзорниот одбор со взаемна соработка постојано се вклучени во донесувањето одлуки, кои се клучни за нормалното функционирање на организацијата.

Со почит,

Тимот на Ц.С.И. Надеж

ЛИЧНА КАРТА НА Ц.С.И. НАДЕЖ

ВИЗИЈА

Квалитетно живеење и економска благосостојба за маргинализираните заедници во Северна Македонија

МИСИЈА

Здружение Ц.С.И. Надеж Скопје е граѓанска организација која активно се залага за подобрување на квалитетот на живот преку овозможување еднаков пристап до квалитетно образование, социјална интеграција и која промовира и реализира активности за стекнување на вештини на младите и маргинализираните заедници со фокус на Ромите во Р.Северна Македонија

НАШИ ВРЕДНОСТИ:

Социјална правда

Еднакви образовни можности

Учество на младите

Родова еднаквост

Зајакнување

Еднаквост

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

1. Овозможување на воспитно-образовна поддршка на деца и млади од маргинализирани семејства за полесно совладување на содржините во училишното и предучилишното образование;

2. Поддржување на ре-интеграцијата и вклученоста на повратниците од Европските земји во локалните заедници;

3. Зголемување на вклученоста на младите во локалните заедници;

4. Подобрување на социјалната вклученост на маргинализираните групи преку концептот на социјално претприемништво



ШТО РАБОТИМЕ

“ЗАЕДНИЧКИ УСЛУГИ ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА”

Заеднички услуги за реинтеграција се сржта на Програмата за реинтеграција на Фронтекс. Оваа програма предвидува обезбедување помош за реинтеграција на повратниците кои заминуваат на доброволна или недоброволна основа од земјите-членки и земјите поврзани со Шенген, во нивните земји на потекло. Во исто време, придонесува за ефективна политика за враќање во Европската унија, обезбедувајќи враќањето да се врши на достоинствен и хуман начин. За спроведување на оваа помош, Фронтекс склучи партнерство со CARITAS International Belgium кој соработува со ЦСИ НАДЕЖ во СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за да осигура обезбедување на високо ниво на поддршка (помош по пристигнувањето и помош по враќањето).



АКТИВНОСТИ

- Јакнење на организациските капацитети за работа со повратниците од земјите членки преку JRS програмата (обуки на проектниот тим за работа во специјализираната платформа RIAT преку која се реализираат сите проектни активности, како и активности за вмрежување на сите партнери учесници во проектот)
- Реинтеграциони пакети
  Реинтеграционата поддршка се состои од два вида пакети:
  - краткотраен пакет во времетраење од 3 дена (помош при пристигнување), кој ги вклучува следните достапни услуги: пречек на повратникот на аеродром, организирање превоз до местото на живеење/сместување,привремено или итно сместување во времетраење од макимум 3 дена по пристигнувањето, медицинска поддршка по пристигнувањето;
  - долготраен пакет во времетраење до 12 месеци (помош по враќањето), кој ги вклучува следните достапни услуги: долготрајно сместување, медицинска поддршка,образование(школување, тренинг/доквалификација), советување за вработување и поддршка за пристап до пазарот на труд, правна помош, психосоцијална поддршка,поддршка за започнување мал бизнис.

Во текот на 2023 год во рамки на програмата беа вклучени 16 случаи, од кои на 14 им беше пружена реинтеграциона поддршка(помош по враќањето) и на 2 случаи (пакет за помош при пристигнување и пакет за помош по враќањето).

АМИФ-РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПОВРАТНИЦИ ОД БЕЛГИЈА

Целта на проектот е пружање реинтеграциона поддршка на лица повратници од Белгија, по нивното враќање во Македонија, во времетраење од 12 месеци.

Услугите за реинтеграција вклучуваат:

• Основна помош по пристигнувањето (пречек од аеродром, итно или привремено сместување, правна, административна и социјална поддршка итн.)

• Социјална поддршка (контакт со социјалната мрежа на повратникот/посредување, образование и школување за повратникот и неговите/нејзините деца, стручно оспособување);

• Помош на ранливите повратници (како што се болни луѓе, стари лица, експлоатирани мигранти, бремени жени, нивно упатување до специјализираните служби според посебните потреби на повратникот: медицинска, психосоцијална грижа и сл.).

• Помош за започнување мал бизнис или советување за работа (поддршка на лицата или семејствата да основаат активност за генерирање приход (купување стоки, изнајмување локација итн.)

• Помош на малолетници без придружба

Во текот на 2023та година во рамки на програмата беше пружена реинтеграциона поддршка на 5 случаи/ семејства повратници од Белгија.



„ДИГИТАЛНА ПИСМЕНОСТ ЗА ДЕЦАТА И РОДИТЕЛИТЕ РОМИ“

Главната цел на овој проект е промовирање на дигиталната писменост кај ромската заедница. Специфичните цели се:
- да се обучат 20 родители Роми за вештини за дигитална писменост како што се интернет навигација, онлајн комуникација, онлајн плаќање сметки, користење услуги од банкомат и особено за дигитална безбедност.
- да се зајакнат капацитетите на 50 деца и млади Роми преку стекнување вештини како да ги заштитат своите лични податоци на социјалните мрежи и на интернет, користејќи добри алатки за онлајн комуникација и користење образовни платформи
- да се обезбеди пристап до дигитална технологија, како што се компјутери и таблети, за децата и родителите Роми да ги вежбаат своите нови вештини.
- да се промовира употребата на дигиталната технологија за образование, можности за работа и социјална интеграција во рамките на ромската заедница.

Активности:
1. Спроведување на проценка на потребите за да се идентификуваат специфичните вештини за дигитална писменост што треба да ги развијат децата и родителите Роми;
2. Развивање програма за обука која ги задоволува идентификуваните потреби и обезбедува обука на 20 родители Роми
3. Развивање програма за обука и обезбедување обука на 50 млади и деца Роми
4. Обезбедување пристап до дигиталната технологија и постојана поддршка



Резултати:

• Спроведени две анкети: првата меѓу локалното население, преку која се добиени одредени информации за тековните потреби на населението во делот на дигиталните услуги и користењето на можностите што ги нуди виртуелниот свет и втората кај учениците од основните училишта и младите преку кои ги дознаваме реалните потреби на младите од општина Шуто Оризари за полесен пристап до дигиталната технологија и како тие се справуваат со проблемите од постоењето на виртуелно насилство;

• Врз основа на резултатите добиени од истражувањето, развиена е програма за обука, која ги задоволува идентификуваните потреби и обезбедува обука на 20 родители Роми. Тие станаа дигитално описменети за онлајн комуникација, онлајн плаќање сметки, користење на услуги на банкомати, користење онлајн услуги за преземање потребна документација од владини институции и што е најважно за дигитална безбедност;

• Дополнително, развиена е програма за деца (со развиени модули и материјали подготвени за употреба). Повеќе од 50 деца беа обучени за „Заштита на лични податоци на социјалните мрежи и интернет“, „Користење образовни платформи“ и „Користење добри алатки за онлајн комуникација“;

• Сите 20 родители Роми и повеќе од 50 деца и млади Роми добија пристап до дигитална технологија за да ги практикуваат нивните нови вештини;

• Подобрен квалитет на живот на ромската заедница преку зголемени вештини за дигитална писменост и пристап до дигитална технологија.





ИНИЦИРАЈ-РЕАЛИЗИРАЈ-ПРОМЕНИ

Целта на проектот е поддршка на заедницата подобро да ги разбере своите безбедносни проблеми и да изгради поефикасни капацитети за соочување со истите.

Активности и резултати:

- Направено истражување преку кое се мапираа капацитетите на локално ниво, како и акти и процедури кои се користат за постапување во случај на елементарни непогоди и закани преку он лајн анкетен прашалник со над 200 анкетирани лица од општина Бутел и реализирани три фокус групи со наставници, родители и претставници од локалната самоуправа на општина Бутел ;
- Изготвени и поднесени препораки до општина Бутел од страна на работана група водена од 3 експерти за подобрување/унапредување на постоечкит планови/процедури за постапување во случај на елементарни непогоди, на локално ниво;
- Воспоставена соработка меѓу локалните училишта, општинската организација на Црвениот Крст , МВР и локалната власт за реализација на обуки и симулационите вежби во 4 училишта на локално ниво;
- Реализирани дводневни обуки составени од теоретски и практичен дел (симулационите вежби) за подобрување на капацитети на 4 пилот училиштата за постапување во случај на елементарни непогоди и закани и истовремено се формираа ученички превентивни тимови во секое пилот училиште на локално ниво;
- Креирана и спроведена промотивна кампања со изработени 20 содржини кои беа споделени на социјалните медиуми за подигнување на свеста на пошироката јавност на локално ниво за иницирање и вклучување во иницијативи за превенција од елементарни непогоди и закани.



„УСОВРШЕТЕ ГО ВАШИОТ УМ И ПРИФАТЕТЕ ЈА ВАШАТА ИДНА ПРОФЕСИЈА”

Усовршете го вашиот ум и
прифатете ја вашата идна професија

Проектот започна со реализација во Ноември 2023 год, и е поддржан преку програмата ЕРАЗМУС+ КА 210 – Партнерства од мал обем во полето стручно образование и обука од страна на Националната агенција агенција за европски образовни програми и мобилност во Република Северна Македонија.

Целта на овој проект е зајакнување на индивидуалните капацитети и вештини за вработување и само вработување на жените од руралните средини, жени со физички хендикеп,невработени,Ромки и самохрани мајки, преку реализирање на тренинг за меки вештини и претприемништво.

Преку реализирање на предвидените активности вкупно 15 жени ќе добијат основни знаења и вештини за претприемништво и freelance можностите според нивните потреби. Истовремено ќе ги зајакнат нивните меки вештини со што ќе станат покометативни на пазарот на трудот. На крајот од проектот предвиденена е интеркултурната размена на искустава со нашите партнери Work in Progress и EUVillages од Италија преку која ќе се зајакнат организациските капацитети на ЦСИ НАДЕЖ за советување,застапување и промоција на женското претприемништво.

Erasmus+
Enriching lives, opening minds.

ЕВРОПСКИ КРЕАТОРИ НА ПРОМЕНИ. ОБЛИКУВАЊЕ НА ИДНИНАТА

Европските креатори на промени е европска мрежа предводена од Образование за меѓузависен свет (EDIW), меѓународна асоцијација создадена во 1996 година со седиште во Брисел и други 11 национални организации кои припаѓаат на десет европски земји, со ЦСИ НАДЕЖ како една од нив.

Овој проект започна со имплементација на 01.01.2023 година, а е финансиран од Програмата Еразмус плус.

Цел на проектот: Зајакнување на младите во Европската година на младите (2023) со препознавање на младинската работа преку учење за демократија.

Активности:

- Учество на млади лица од општина Шуто Оризари во сесиите на AGORA како online простор за споделување на идеи, факти, волонтерство, соработки за младинско учество и подобрување на состојбата на младите во Европската Унија, што за Македонија би значело заинтересираност за учење на Европските вредности;

- Реализирани работилници со млади до 30 години за дигитална писменост и безбедно користење на социјалните мрежи.

ПОДДРШКА ЗА НОВ ПОЧЕТОК

На 01.09.2023 година Ц.С.И. Надеж – Скопје започна со имплементација на проектот „**ПОДДРШКА ЗА НОВ ПОЧЕТОК на жените осуденички, претходно осудени и жени под пробациски надзор од град Скопје“**, како дел од проектот ***„Воспоставување услуги во заедницата за поддршка на ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осуденици”***имплементиран од Македонското здружение на млади правници, а финансиски поддржан од **ЕвропскатаУнија** во рамките на програмата IPA/2022/433-960.

Целта на проектот е да им помогне на најранливите жени осуденички, претходно осудени и/или жени под пробациски надзор да живеат одговорен живот, да се дистанцираат од минатото и да преземат активна улога во планирањето на сопствената иднина по излегувањето од затвор и/или по отслужување на казната. Во проектот потребно е да се вклучат **10 жени од територија на град Скопје.**

Во 2023 година се реализираа дел од активностите и тоа:

- Зајакнување на комуникацијата и соработката со јавни институции за вклучување на учесници во проектни активности
- Јакнење на капацитетите на Ц.С.И. Надеж за обезбедување национални сервиси (давател на услуги) за ресоцијализација, реинтеграција и пост–пенална грижа во согласност со законските регулативи но и во согласност со најдобрите меѓународни и европски стандарди
- Објавување на повик за организирање на обуки за козметички услуги за жени



333 – ЗАЕДНИЧКИ ЗА ЗЕЛЕНО ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

На 01.12.2023 година ЦСИ Надеж започна со имплементација на проектот 333-ЗАЕДНИЧКИ ЗА ЗЕЛЕНО ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА во партнерство со Центарот за младински активизам ЦМА-КРИК Скопје како носител организација и Здружението на СОЦИЈАЛНИ РАБОТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА Скопје како партнер организација.

Проектната идеја е обид да се пилотира и воведе зелената социјална работа и социјалната трансформација како холистички перспективи што се стремат да ја поддржат благосостојбата на луѓето во надминувањето на постоечките климатски промени и одржување здрава животна средина. Активностите се засноваат на застапување и спроведување на концептот на право на здрава животна средина за сите, преку зелена социјална работа и потреба од социјална трансформација за справување и резилиентност од овие промени.

Главната цел на проектот е Воведување на еколошката т.н. „зелената“ перспектива во стручната социјална и младинска работа, како една од клучните перспективи за заштита на животната средина, но воедно и за градење инклузивно и демократско општество за сите.

Во 2023 година се одржаа првичните состаноци со проектниот тим и донаторот за планирања на активностите кои ќе се реализираат до 30.09.2026 година.



МОБИЛИЗАЦИЈА НА ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ ПРЕКУ ХУМАНИТАРНИ/ДОБРОТВОРНИ АКЦИИ

1. GLOBAL GIVING

Во текот на 2023, ЦСИ НАДЕЖ работеше на промоција на својот проект Give education to 60 vulnerable Roma children - GlobalGiving на платформата Global Giving, со цел мобилизирање на дополнителни ресурси за континуирано реализирање на активностите на Едукативниот Центар НАДЕЖ.

Благодарение на донациите на индивидуалци од целиот свет, во текот на 2023год беа собрани 15230 $ во рамки на платформата. Сретствата беа искористени за реализирање на активности со деца на училишна возраст во Едукативниот Центар НАДЕЖ во Шуто Оризари.





2. ЦСИ НАДЕЖ втора година по ред е национален лидер на глобалното движење Giving Tuesday (Дарежлив Вторник)

Во текот на 2023 година ЦСИ НАДЕЖ учествуваше на бројни настани и сесии за вмрежување со глобалното Giving Tuesday семејство, а континуаирано реализираше и кампања на социјалните медиуми за промоција на националното движење во Македонија.



Од 29 мај до 02 јуни 2023, нашата претставничка Татјана Димитрова зема учество на Глобалниот Самит на Giving Tuesday, кој се одржа во Лисабон. На овој настан, се собраа националните лидери на речиси 100 земји од целиот свет кои имаат заедничка цел - подарежлив свет и заедничка идеја за тоа како да стигнат до таму: заедно, со доверба, одговорност, кокреација и оптимизам.



3. Останати акции за мобилизација на дополнителни ресурси

- Соработка со Green Growth Platform-обезбедени производи од Vitalia Healthy Food за децата од Едукативниот Центар НАДЕЖ;



- Донација на училишни ранци и чоколадни млекца од БИМИЛК за среќен почеток на учебната 2023/2024 за децата од Едукативниот Центар НАДЕЖ;





- Хумана акција за новогодишна радост во соработка со Македонска Медицинска Асоцијација во рамки на која беа обезбедени новогодишни и едукативни пакетчиња за сите деца од Едукативниот Центар НАДЕЖ;





- Хумана акција на Stichting Mara Groningen со која обезбедија овошје, витамини и хигиенски сретства за 40 дечиња од Едукативниот Центар НАДЕЖ, како и поддршка за реновирање на патот кој води до Едукативниот Центар.



ПРАКТИКАНТСТВО И ВОЛОНТЕРСТВО ВО ЦСИ НАДЕЖ

Во текот на 2023 год. ја продолживме реализацијата на програмата за волонтери во соработка со нашиот партнер Pax Christi Aachen. Во рамки на оваа програма нашата волонтерка од Германија, Хелена Пикард дава поддршка на активностите со децата во Едукативниот Центар НАДЕЖ од септември 2023.



Во текот на 2023 беше продолжена и практикантската програма во соработка со Caritas College Olomouc од Чешка, и во рамки на оваа програма практикантките Вероника Козакова и Петра Захрадкова реализираа три месечна практична работа во нашата организација, активно вклучувајќи се во активностите со децата во Едукативниот центар.



Нашата програма за практиканти беше збогатена во соработка со Националниот Младински совет на Македонија, и со поддршка на нивната Програма за практиканство, Катерина Дуртанова – апсолвент на Институтот за социјална работа и социјална политика се придружи на нашиот тим во Декември 2023 год. Таа во текот на својата 2 месечна практикантска работа во НАДЕЖ, имаше можност директно да работи со нашите социјални работници и да стекне искуство во работата, особено на полето на реинтеграција на повратници.



Во Ноември 2023 нашиот тим беше проширен и со волонтерот од Мировен Корпус – Бенџамин Арнт, кој својата волонтерска работа во заедницата во следните 2 години ќе ја обавува во ЦСИ НАДЕЖ.





МОЖЕТЕ ДА НЁ СЛЕДИТЕ И НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ

ВЕБ СТРАНАhttp://www.csinadez.mk/

FACEBOOK https://www.facebook.com/C.S.I.Nadez

BLOG http://ouryouthcentrenadez.wordpress.com/

YOUTUBE http://www.youtube.com/csinadezmk

LINKEDIN http://www.linkedin.com/company/centre-for-social-initiatives-nadez/?viewAsMember=true/

INSTAGRAM http://www.instagram.com/zcsinadez/